**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Германски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Моите другари и јас<br>• Мојот дом и моето место на живеење<br>• Секојдневен живот<br>• Интереси,забавни активности и временски услови |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла<br>• фотографии, постери, слики, предмети, флеш-карти, стикери, материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери<br>• учебник, прирачници, речници, списанија (во печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и германски јазик, со здобиена соодветна |

| | |
|---|---|
| | педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина), |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија, |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика, |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности, |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика, |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности, |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба, |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |

| | |
|---|---|
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи, |
| II-Б.2 | познавањето на повеќе јазици го олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи, |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци, |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн), |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Техника, технологија и претприемништво** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VII-A.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 1 : МОИТЕ ДРУГАРИ И ЈАС[1]<br><br>Вкупно часови: 22</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги открие глобално и селективно информациите во куси слушнати/пишани автентични и прилагодени текстови во врска со секојдневното и непосредното опкружување;<br>2. ги претстави блиските (изглед, карактерни особини, возраст и интереси);<br>3. постави едноставни извежбани прашања во врска со вообичаените активности и да одговори на истите;<br>4. договара активности во слободното време;<br>5. ги примени правилата за пишување куси честитки, разгледници и многу куси лични пораки.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>а) Јазични функции:<br>• опишување изглед и карактерни особини<br>Meine Freundin ist ungefähr 1,60 m groß. Ihre Haare sind lang und lockig und ihre Augen sind blau. Sie trägt Jeans und T-Shirt. Sie ist sympathisch</td><td>• Ја препознава основната порака и намерата на соговорникот во куси и едноставни искази.<br>• Применува спонтано усвоени комуникативни модели заради размена на информации.</td></tr>
</table>

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која доминира во определена тема, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури во самата тема, без оглед на називот на темата во наставната програма.

| | |
|---|---|
| *und intelligent. Ich finde sie cool.*<br>• изразување задоволство или незадоволство за вообичаени активности<br>*- Was machst du gern?*<br>*- Ich chatte gern. Und du? Chattest du auch gern?*<br>*- Nein, ich kaufe lieber Kleidung ein.*<br>*Shopping ist mein Hobby.*<br>• информирање за цената на производот<br>*- Entschuldigung, was kostet denn das Sweatshirt?*<br>*- Es ist im Angebot und kostet 12,50 Euro.*<br>• изразување мислење за изглед и облека<br>*- Wie findest du den Pullover?*<br>*- Also, ich finde ihn zu weit. Probier mal den hier!*<br>*Wie passt er dir?*<br>*- Der Pullover ist echt super.*<br>*- Du siehst echt gut aus!*<br>• давање предлог и договарање<br>*- Was machst du am Samstag?*<br>*- Keine Ahnung. - Möchtest du mit ins Schwimmbad kommen? Hast du Lust?*<br>*- Wann denn? - Um 11 Uhr. - Ja, gute Idee.*<br>• прифаќање и одбивање понуда<br>*- Sag mal, kommst du am Freitag ins Kino mit?*<br>*- Ja, gern. Ich komme mit.*<br>*- Nein, tut mir leid. Ich habe keine Zeit.*<br>• понудување помош<br>*- Hallo, kann ich euch helfen?*<br>*- Ja, wir suchen Sportschuhe.* | • Ги опишува своите блиски и други лица според изгледот, облеката и карактерните особини.<br>• Изразува задоволство или незадовоство за вообичаените активности.<br>• Поставува прашања во врска со цена на производи.<br>• Применува новонаучени зборови и едноставни куси изрази во нов контекст.<br>• Образува куси реченици и применува едноставни граматички структури поврзани со изразување болка и упатување желби за брзо оздравување.<br>• Разбира реченици, изговорени јасно и разбирливо и со умерено темпо.<br>• Повторува реченици со правилен изговор и интонација по слушање.<br>• Препознава едноставни искази и прашања поврзани со информации за други лица и ги преведува на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| • изразување желба<br>*In den Ferien will ich Gitarre spielen lernen.*<br>*Der Junge will Fußballprofi werden.*<br>*Ich will meinen Geburtstag im Kletterpark feiern.*<br>• образложување причина<br>*- Warum darfst du nicht mitkommen? - Morgen mache ich einen Test. Ich muss lernen.*<br>• изразување болка, упатување желби за брзо оздравување<br>*- Mein Kopf tut mir weh. Ich habe auch Halsschmerzen. - Gute Besserung!* | |
| б) Лексички единици:<br>• изглед и карактерни особини<br>*groß, klein, schlank, sympathisch, schön, hübsch, nett, freundlich, sportlich, intelligent, fleißig, faul, modern, cool, süß, langweilig*<br>*Meine Freundin ist 1,66 m groß. Ihre Haare sind blond und kurz. Ihre Augen sind blaugrün. Sie kann sehr lustig sein und lacht gerne.*<br>• делови од тело, болести и болки<br>*der Körper, der Kopf, das Gesicht, die Haare, die Augen, die Nase, der Mund, die Ohren, der Hals, der Arm, die Hand, der Finger, der Rücken, der Bauch, das Bein, das Knie, der Fuß;*<br>*die Kopfschmerzen, die Halsschmerzen, die Zahnschmerzen, die Bauchschmerzen, das Fieber, die Grippe, die Erkältung.*<br>*- Was ist denn los?- Meine Hand tut so weh.*<br>*- Wie geht es dir?- Nicht so gut. Mein Bauch tut weh.*<br>*- Was hast du denn?- Ich habe Kopfschmerzen.*<br>• омилени активности<br>*Musik hören, ins Kino gehen, fernsehen, Computer spielen, Freunde treffen, mit dem Hund spazieren gehen, singen, reiten, Tennis spielen, Ski* | • Ги препознава и ги користи придавките за опишување изглед и карактерни особини.<br>• Разбира и употребува зборови и изрази поврзани со опис на личности, интереси, активности, облека, делови од тело, болести и болки.<br>• Користи веќе усвоени и нови зборови за искажување омилени активности.<br>• Образува сложенки (од именки и придавки) во куси реченици за да опише едноставни конкретни ситуации од непосредното опкружување.<br>• Преведува куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со изглед и карактерни особини, облека, омилени активности и делови од човечкото тело. |

| | |
|---|---|
| *fahren, Snowboard fahren, Judo/Karate machen, schwimmen, tauchen;*<br>• видови облека и модни додатоци, опис на облека<br>*die Jacke, der Mantel, das T-Shirt, das Sweatshirt, die Bluse, das Hemd, die Hose, der Pulli, das Kleid, der Rock, die Jeans, die Schuhe, die Stiefel, der Schal, die Mütze, die Handschuhe, die Ohrringe, der Ring, die Kette, die Armbanduhr, die Kappe, der Hut, das Tuch, die Tasche, der Gürtel; kurz, lang, weit, eng, billig, teuer, hässlich.*<br>*Im Sommer trägt meine Freundin gerne T-Shirts, aber jetzt im Herbst trägt sie ein Sweatshirt. Ihre Lieblingsfarbe ist grün und ihr Markenzeichen ist die Kappe.* | |
| в) Граматички структури:<br>• сегашно време од често употребуваните слаби глаголи: *spielen, fotografieren, surfen, telefonieren, besuchen, lernen, hören, machen, tanzen, feiern, kaufen.*<br>*Sonntags besuchen wir oft meine Oma und meinen Opa.*<br>• сегашно време од често употребуваните јаки глаголи: *tun, tragen, schlafen, treffen, laufen, schwimmen, sprechen, fahren, finden, nehmen, geben, gehen.*<br>*Am Wochenende schläft Jan länger. Später trifft er seinen Freund. Er fährt mit dem Bus zu ihm.*<br>• сегашно време од деливите глаголи: *mitkommen, mitfahren, mitarbeiten, anziehen, einkaufen, mitspielen, hingehen, fernsehen, abholen.*<br>*- Gehst du hin? – Nein, ich sehe lieber fern.*<br>• негација со *nicht, nichts, nie u kein*<br>*Ich habe keinen MP3-Player.*<br>*Ich sehe nicht fern.*<br>*Es ist so dunkel, ich kann nichts sehen.* | • Препознава присвојни членови во 3. лице еднина во номинатив и акузатив.<br>• Употребува присвојни членови во еднина.<br>• Разликува и употребува наставки за образување сегашно време на глаголите во сите лица еднина и множина.<br>• Образува сегашно време од модалниот глагол *wollen.*<br>• Го употребува модалниот глагол *wollen* во реченична рамка.<br>• Разликува и применува род и број кај именките.<br>• Користи определен и неопределен член кај именките во номинатив и акузатив.<br>• Применува придавки со помошниот глагол *sein* (предикативна употреба).<br>• Ја препознава и ја користи личната заменка *es* како формален субјект. |

| | |
|---|---|
| • прилози за време: *nie, selten, manchmal, oft, immer*<br>*Im Frühling fahre ich immer mein Skateboard.*<br>*Manchmal fahre ich Rad, aber nie fahre ich meine Inliner.*<br>• глаголи со директен предмет (акузатив): *finden, kaufen, verkaufen, tragen, haben, nehmen, suchen, brauchen - Was isst du in der Pause?*<br>*- Ich esse einen Hamburger mit Pommes. - Wie findest du mein Handy?*<br>*- Ich finde es modern.*<br>• модален глагол *wollen*<br>*Wir wollen eine Radtour machen.*<br>• модален и главен глагол во отворено прашање - *Was willst du anziehen?*<br>*- Ich will ein T-Shirt anziehen.*<br>• модален и главен глагол во затворено прашање<br>*- Willst du jeden Tag Musik hören?*<br>*- Ja, klar.*<br>• отворено прашање кај деливите глаголи<br>*- Wie sieht er aus?*<br>*- Groß und sympathisch.*<br>• затворено прашање кај деливите глаголи<br>*- Holst du mich später ab?*<br>*- Ja, natürlich.*<br>• заповеден начин во второ лице еднина и *множина.*<br>*Sei nicht traurig, ich gebe dir ein paar Ratschläge:*<br>*Iss mehr Obst und Gemüse!*<br>*Mach mehr Sport, geh joggen und spazieren, fahr Rad!*<br>*Mach einen Plan für eine Woche!* | • Ги применува прилозите за време: *nie, selten, manchmal, oft, immer.*<br>• Ги разликува и употребува прашалните заменки: *was für* ...<br>• Ги разликува и правилно ги употребува определбата за насока (предлогот *in* + акузатив) и определбата за место (предлогот *in* + датив).<br>• Ги разликува и правилно ги употребува определбите за време (*an* + датив, *in* + датив и *um* + акузатив).<br>• Ги користи формите за степенување на прилогот *gern.*<br>• Ги разликува и ги користи предлозите со временско значење.<br>• Разликува и применува различни видови негација.<br>• Ја препознава и користи функцијата на предлогот *zu* + датив.<br>• Разликува и образува затворени и отворени прашања при употреба на модалните и деливите глаголи.<br>• Разликува долги и кратки самогласки.<br>• Разликува интонација на прашална и исказна реченица.<br>• Применува акцентирање на зборови и реченични искази.<br>• Препознава гласови кои не постојат во мајчиниот јазик: [x] зад [a], [ɑ:], [ɔ], [u:], [au]. |

- изразување присвојност (генитив на *–s*)  кај сопствените именки
  *Mayas Lieblingsfarbe ist Grün, aber Tomas Lieblingsfarbe ist Blau.*
- прилог *gern*: степенување
  *In der Schule hat Florian gern seine Schuluniform. Aber in der Freizeit trägt er lieber seine Sporthose. Am liebsten hat er seine Jeans an.*
- прашална заменка *was für ein/eine/einen/–*
  *- Was für ein Pullover ist das?*
  *- Ein moderner.*
  *- Was für einen Pullover kaufst du?*
  *- Einen blauen.*
- присвојни членови во 3. лице еднина: *sein/e, ihr/e* во номинатив и акузатив
  *Meine Freundin Paola hat Erkältung. Ihr Hals tut weh und ihre Nase läuft. Zweimal am Tag nimmt sie ihre Medikamente.*
- определен, неопределен и одречен член во акузатив
  *Anna Lena findet die Mode nicht so wichtig, denn sie hat einen eigenen Stil. Sie mag keine Markenklamotten.*
- лични заменки во 1., 2. и 3. лице еднина во акузатив
  *- Ist Mode wichtig für dich?*
  *- Für mich ist Mode sehr wichtig.* -
  *Kauft deine Mutter Kleidung für deinen Bruder?*
  *- Nein.*
  *- Wer kauft Kleidung für ihn?*
  *- Er geht selbst einkaufen.*
- лична заменка *es* како формален субјект („безлично“ *es*) во изразот *„es gibt“*
  *Wo gibt es hier einen Skatepark?*

| | |
|---|---|
| • определба за насока: предлогот *in* + акузатив *Manchmal gehe ich mit meiner Freundin ins Schwimmbad.*<br>• определба за место: предлогот *in* + датив<br>*Wir sehen uns morgen in der Schule*.<br>• определби за време:<br>*an* + датив: денови од седмицата, делови од денот и датуми;<br>*in* + датив: назив на годишно време и на месец;<br>*um* + акузатив: час<br>*- Am Dienstag, 30. März, gehen wir zum Fußballspiel, nicht wahr?*<br>*- Genau. Wann und wo treffen wir uns?*<br>*- Um 19 Uhr vor dem Stadion.*<br>• предлог *zu* + датив<br>*Zum Neujahr schenke ich meiner Oma Pralinen*.<br>• изговор и интонација: гласот [x] зад [a], [ɑ:], [ɔ], [u:], [au]: *lachen, Sprache, Nacht, doch, noch, Koch, Buch, suchen, brauchen, auch* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Плакат:<br>*Freizeitmöglichkeiten in meiner Stadt*<br>• Упатување желби, прославување и честитање различни пригоди<br>*Alles Gute! Herzlichen Glückwunsch zum Geburtstag! Alles Liebe! Mach weiter so! Viel Glück! Mach`s gut!*<br>• Интервју:<br>*Was ist gerade bei euch in? (Mode, Sport, Spiele)* | • Искажува мислење за можностите за активности во слободното време во својот град на изработен плакат<br>• Употребува усвоени изрази и кратки реченици карактеристични за честитање различни пригоди за прослава<br>• Опишува модни трендови со веќе утврдени јазични структури |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците опишуваат надворешен изглед на лица прикажани на постери, во списанија.

- Учениците симулираат дијалози според дадени улоги: продавач и купувач, визуелно стимулирани од рекламен материјал од супермаркети.
- Учениците играат дијалози на тема болести и болки.
- Играње игра – меморија: учениците поврзуваат облека со соодветна лексика.
- *Quizlet Flashcards* – делови од човековото тело: наставникот/наставничката на проектор им ги покажува на учениците деловите од телото, а тие ги именуваат.
- *Hängemännchen* (Бесилка) *spielen*: еден ученик/една ученичка излегува на табла, замислува некоја именка од темите облека и делови од човековото тело и ја запишува со празни полиња, а другите ученици погодуваат.
- Секој ученик извлекува една картичка на која е претставена некоја именка што означува дел од човековото тело или пак картичка на која е напишан глагол. Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар и ги запишуваат активностите на табла (пр. *Kopf - denken; Fuß - Fußball spielen; Hand - schreiben; Augen - sehen; Ohren - hören; Nase - riechen, Mund - essen, trinken, sprechen*).можеби подобро да се раздвојат со коса црта?
- Пантомима – еден ученик/една ученичка покажува некоја активност во слободно време, а другите погодуваат.
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.
- Учениците играат улоги според дадени модели и прашуваат за точно време: *A: Wie spät ist es? B: Es ist halb acht. A: Wann beginnt der Unterricht? B: Um 8 Uhr.*
- Учениците играат интерактивна игра за образување заповеден начин.
- Учениците варираат дијалози според даден пример во коишто ги опишуваат своите другари.
- Учениците прават вежби пред слушање кои ги воведуваат во наставната содржина: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми).
- Учениците го вежбаат присвојниот и одречниот член кај именките со помош на картички (Das ist keine Jacke, das ist mein Pulli).
- Учениците работат во групи при што едниот пар добива работен лист со одговори и податоци кои треба да ги искористи за поставување прашања, а другиот пар добива работен лист со прашања и податоци кои треба да ги искористи за давање одговори на поставените

прашања. На крај од вежбата паровите ги споредуваат работните листови.

- Учениците составуваат кус дијалог од куси едноставни реченици со правилна употреба на прашалните зборови *Wer? Was? Wo? Woher? Wie?* (На пример: *A: Wer ist das? B: Das ist mein Freund. A: Wie alt ist er? B: Er ist 13.*)
- Учениците изработуваат покана и честитка на тема: роденден.
- Квиз: учениците одговараат прашања од видот точно/неточно (опис на соученик/соученичка) и погодуваат за кого се работи.
- Учениците составуваат крстозбор на тема: мода и делови од човековото тело.
- Учениците составуваат прашања за интервју на тема: што е за вас модерно.

| **Тема 2 : МОЈОТ ДОМ И МОЕТО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ**[2]<br><br>Вкупно часови: **17** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги наброи училишните активности и наставните предмети;<br>2. зборува за распоредот на часови;<br>3. искаже точно време (ден и час);<br>4. разбере кус едноставен текст со опис на еден училиштен ден;<br>5. напише кус исказ и/или дијалог за да ги опише училишните активности. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br><br>• набројување и опишување простории во домот и мебел *Ich habe mein eigenes Zimmer. Das Bett steht links neben dem* | • Употребува изрази и куси реченици за опишување на активностите во домот.<br><br>• Опишува простории во домот и мебел употребувајќи веќе |

[2] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која доминира во определена тема, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури во самата тема, без оглед на називот на темата во наставната програма.

| | |
|---|---|
| *Fenster. Vor dem Fenster steht ein Schreibtisch und ein Stuhl. Ein Teppich liegt auf dem Boden und er ist hellblau. An den Wänden hängen Poster von meiner Lieblingsband. Ein Regal steht rechts an der Wand.*<br>• опишување на местоположбата на предметите<br>*Der Stuhl ist vor dem Schreibtisch. Der Papierkorb steht zwischen der Couch und dem Sessel. Im Bücherregal neben der Tür liegen meine Comics.*<br>• опишување на вообичаените секојдневни рутински активности во определено време од денот<br>*Von Montag bis Freitag stehe ich morgens um sieben auf. Dann gehe ich ins Bad, putze mir die Zähne und ziehe meine Schuluniform an. Um halb sieben fahre ich mit meinem Fahrrad zur Schule.*<br>• давање инструкции<br>*Räum bitte dein Zimmer auf!*<br>*Mach bitte die Musik leise!*<br>*Hört zu und sprecht nach!*<br>*Wiederholen Sie bitte!*<br>• опишување на домот и искажување мислење<br>*Mein Traumzimmer ist sehr groß und hell. Ich finde es sehr gemütlich. Ich habe auch eine Pflanze, denn ich mag Pflanzen.*<br>• водење разговор за омиленото јадење и пијалак<br>*- Was isst du zum Frühstück?*<br>*- Zum Frühstück esse ich Brötchen mit Marmelade und trinke Milch.* | усвоени и новонаучени зборови.<br>• Користи куси изрази и реченици за опишување на рутинските активности во определено време од денот.<br>• Учествува во дијалог преку поставување и/или одговарање на куси прашања поврзани со исхраната.<br>• Пронаоѓа клучни информации во куси текстови и ги поврзува со сопственото искуство и претходно стекнатото знаење.<br>• Преведува куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со секојдневните рутински активности, просториите во домот и мебелот и омилената храна и пијалаци. |
| б) Лексички единици:<br>• дом и простории<br>*das Haus, die Wohnung, das Wohnzimmer, das Schlafzimmer, das Kinderzimmer, das Jugendzimmer, das Bad, die Toilette, der Balkon.* | • Набројува простории, мебел и уреди во домот.<br>• Препознава и користи зборови поврзани со јадења и пијалаци.<br>• Употребува зборови и изрази поврзани со секојдневните |

| | |
|---|---|
| *Mein Haus hat viele Zimmer: Ein Wohnzimmer, ein Schlafzimmer, zwei Kinderzimmer, zwei Bäder, zwei Toiletten, zwei Küchen, einen Balkon, zwei Terrassen und einen Garten.*<br>• мебел и предмети во домот<br>*das Bett, der Schrank, das Regal, der Schreibtisch, der Tisch, der Stuhl, der Papierkorb, das Poster, das Bild.*<br>*In meinem Zimmer habe ich einen Schreibtisch und Regale mit Sportzeitschriften voll, ein Bett, einen Sessel, einen Schrank und einen Stuhl.*<br>• апарати во домот<br>*der Computer, das Tablet, der Laptop, der Fernseher, die Musikanlage.*<br>*Auf dem Schreibtisch steht mein Computer. Der Fernseher hängt an der Wand.*<br>• секојдневни активности во домот<br>*aufstehen, wecken, weiterschlafen, sich das Gesicht waschen, sich die Zähne putzen, ins Bad gehen, frühstücken, duschen, in die Schule gehen, einkaufen, kochen, den Müll rausbringen, sauber machen, putzen, aufräumen.*<br>*Ich stehe um 7:30 Uhr auf, ich muss dann duschen und meine Haare waschen, frühstücken und meine Tasche packen.*<br>• јадења<br>*der Käse, der Honig, der Reis, der Schinken, der Fisch, der Joghurt, die Wurst, die Brezel, die Butter, die Marmelade, die Nudel, die Kartoffel, das Brot, das Brötchen, das Ei, das Müsli, das Obst, das Gemüse.*<br>*Zum Frühstück essen wir Brot mit Marmelade oder Nutella. Ich esse am liebsten Müsli, mein Bruder isst lieber Wurstbrot.*<br>• пијалаци<br>*der Saft, der Apfelsaft, der Orangensaft, die Cola, die Limonade, die Milch, der Tee, der Kakao, der Kaffee, das Mineralwasser.* | активности во домот.<br>• Опишува вообичаени активности во одредени делови од денот.<br>• Составува куси искази кои ги содржат деновите од седмицата, а се однесуваат на одредена училишна или слободна активност.<br>• Користи и преведува куси едноставни искази од германски на мајчин јазик, поврзани со јадења и пијалаци. |

| | |
|---|---|
| *Morgens trinke ich gern eine Tasse Tee. Später, in der Schule trinke ich einen Orangensaft.* | |
| в) Граматички структури:<br>• глаголи во сегашно време<br>*sein, haben, mögen, brauchen, stehen, liegen, hängen, sitzen, essen, trinken, schmecken, bestellen*<br>*- Hier schmeckt das Essen sehr gut. Was bestellst du?*<br>*- Ich esse Fisch, du auch?* *- Nein, ich esse lieber vegetarisch.*<br>• модални глаголи *(können, müssen)* во сегашно време; модалниот глагол *mögen* во можен начин (конјунктив претеритум).<br>*- Michaela muss die Wohnung aufräumen, deshalb kann sie nicht fernsehen. Sie möchte einen neuen Film ansehen.*<br>• често употребувани слаби и јаки глаголи, глаголот *finden* + определба за начин во сегашно време.<br>*In Deutschland isst man gern Kartoffeln.*<br>*Wie schmeckt dir die Sachertorte?*<br>*Ich finde deinen Schreibtisch schön.*<br>• материјални именки без член<br>*Ich esse gern Müsli mit Joghurt.*<br>*Trinkst du gerne Orangensaft?*<br>• множина на именките<br>*das Bett – die Betten, der Schrank – die Schränke, das Regal – die Regale, der Schreibtisch – die Schreibtische, der Stuhl – die Stühle, der Teppich – die Teppiche, die Wand – die Wände, die Tür– die Türen, das Fenster – die Fenster*<br>*In meinem Traumzimmer sind die Wände blau, die Fenster sind groß. Es gibt viele Poster und Bücher.* | • Разликува промени во глаголската основа во 2. и 3. лице еднина кај јаки (неправилни) глаголи во сегашно време.<br>• Употребува слаби (правилни) и јаки (неправилни) глаголи во сегашно време во еднина и множина.<br>• Образува реченици со глаголи со делив префикс во сегашно време.<br>• Ги применува модалните глаголи *müssen* и *können* во сегашно време за искажување потреба, способност и можност и модалниот глагол *mögen* за искажување желба во сегашно време и во можен начин (конјунктив претеритум).<br>• Го препознава редоследот на зборовите во реченичната рамка;<br>• Образува реченици со модален глагол и глагол во непроменета форма (инфинитив);<br>• Препознава делови од реченицата во улога на подмет, прирок и директен предмет;<br>• Разликува употреба на номинатив и акузатив;<br>• Употребува одречен член пред именка;<br>• Поврзува едноставни реченици со приредувачките сврзници *und, aber* и *oder*;<br>• Користи определби за време и/или место во исказна и прашална реченица;<br>• Прави разлика во употребата кај материјалните именки без член;<br>• Споредува и одговара на поставено прашање со потврдна и одречна форма. |

| | |
|---|---|
| • описни придавки во предикативна употреба<br>*Das Bett ist grün, die Wand ist blau,*<br>*mein Schrank ist rot, ich hasse Grau.*<br>*Schau, das Aquarium auf dem Tisch,*<br>*viele Farben hat mein Fisch.*<br>• определба за место: предлози што се употребуваат само со датив: *bei, zu*<br>*Martina ist bei ihrer Tante zu Besuch.*<br>• определба за насока: предлози што се употребуваат само со датив: *bei, nach, zu*<br>*Im Sommer fahre ich zu meiner Oma nach Deutschland. Bei Oma bleibe ich einen Monat lang.*<br>• определба за место: предлози што означуваат состојба/местоположба и се употребуваат со датив: *in, an, auf, neben, vor, hinter, unter, über, zwischen*<br>*Die Lampe steht auf dem Boden. Der Stuhl ist vor dem Schreibtisch. Zwei Poster hängen an der Wand.*<br>• прилог за време *dann*<br>*Am Wochenende kocht meistens mein Vater,*<br>*dann gibt es Suppe.*<br>• приредувачки сврзник *oder*<br>*Was möchtest du zum Mittag essen? Nudeln oder Pizza?*<br>• зборокед во исказна реченица што почнува со определба за време или за место<br>*Zum Mittagessen bin ich manchmal in der Kantine, aber ich esse lieber zu Hause.*<br>*In der Schule esse ich manchmal nichts.*<br>• потврдно и одречно прашање | |

| | |
|---|---|
| *Ja – Nein – Doch*<br>*- Möchtest du etwas trinken?*<br>*- Ja, gerne.*<br>*- Möchtest du nichts trinken?*<br>*- Doch, ein Mineralwasser.*<br>*- Möchtest du kein Ketchup?*<br>*- Nein, ich möchte kein Ketchup.* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Стихотворба на тема:<br>*Was ist für dich „Zuhause"*<br>• Колаж:<br>*Essen in meiner Stadt: International und lecker!*<br>• Проект: *Ernährung* | • Составува куса стихотворба за својот дом.<br>• Ги претставува специјалитетите во своето место на живеење.<br>• Прави споредба во начинот на исхрана во својата земја и земјите од германското јазично подрачје. |

**Примери на активности**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Со помош на часовник, учениците меѓусебно поставуваат прашања за да добијат информација која активност во кое време ја извршуваат (*Wann gehst du zur Schule? – Um 7.45 Uhr./Wann frühstückst du? – Um 9 Uhr./Wann machst du deine Hausaufgaben? – Um 14 Uhr./Wann gehst du schlafen? – Um 22 Uhr.*).
- Учениците играат игра поделени во групи, секоја група добива флеш карти со слики од мебел, кои што треба да ги подредат на места од означената просторија во домот.
- Учениците подредуваат слики со секојдневни рутински активности почнувајќи од утро до вечер и во парови пишуваат реченици (*Um 6.45 Uhr klingelt mein Wecker und um 7 Uhr stehe ich auf. Dann gehe ins Bad, wasche mein Gesicht und putze meine Zähne. Danach esse ein Brötchen mit Butter und Marmelade und trinke ein Glas Milch. Um 8 Uhr nehme ich den Bus. Mein Unterricht fängt um 8.30 Uhr an.*)
- Учениците опишуваат простории во куќа и стан според дадени слики/фотографии од весници и списанија.
- Учениците работат во парови, едниот од нив ја опишува својата соба, а другиот ја црта собата според дадениот опис (*Mein Zimmer ist groß und hell. Links von der Tür steht mein Bett. Neben dem Bett ist ein Bücherregal. Auf dem Regal steht ein Aquarium. Rechts von der Tür ist*

*mein Schreibtisch. Vor dem Schreibtisch ist mein Stuhl. Zwischen dem Bett und dem Schreibtisch liegt ein Teppich*).

- Учениците поставуваат и одговараат прашања: *A: Wie oft hast du Fußballtraining? B: Dreimal pro Woche, am Montag, Mittwoch und Freitag.*
- Учениците играат игра на препознавање: меморија на тема мебел.
- Учениците во крстозбор ги допишуваат предметите кои означуваат делови од мебел според дадена слика или цртеж.
- *Wortschlange*: учениците ги препознаваат зборовите што означуваат мебел, простории во домот, јадења и пијалаци во низа од букви.
- Учениците поврзуваат слика од оброци со дел од денот.
- Учениците слушаат и пеат песна за јадења и пијалаци.
- Учениците формулираат прашања и одговори на тема допаѓање или недопаѓање: *Wie findest du …? - .... finde ich super/sehr gut/lecker/nicht so gut.*
- Учениците играат онлајн игра и ги поврзуваат именките со нивната множинска форма.
- Учениците во парови добиваат работни листови со вежба во која даваат потврдни и одречни одговори.
- Учениците слушаат информации од видео-снимка чијашто содржина е поврзана со секојдневните активности и ја избираат точната активност.
- Учениците изработуваат макета за собата од соништата.
- Учениците во групи изработуваат илустративен постер за здрава исхрана (пирамида на исхрана) и го презентираат.

| |
|---|
| **Тема 3 : СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ [3]**<br><br>Вкупно часови: **8** |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да: |

[3] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која доминира во определена тема, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури во самата тема, без оглед на називот на темата во наставната програма.

| | |
|---|---|
| 1. препознава и разбира зададени информации поврзани со секојдневието во пишани и слушнати текстови;<br>2. се изразува писмено и усно во врска со теми поврзани со секојдневниот живот;<br>3. го опишува својот избор на секојдневни активности;<br>4. поставува прашања и дава одговори во врска со активностите и облеката во одредено годишно време;<br>5. иницира и учествува во едноставен разговор и опишува секојдневни ситуации;<br>6. напише кус едноставен текст за изразување на лични навики и ставови од секојдневието. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• детално опишување на секојдневните активности<br>*Um 6.30 Uhr stehe ich auf, gehe ins Bad und ziehe mich an. Dann frühstücke ich, am liebsten Brötchen mit Butter und Marmelade, und ein Glas Milch mit ein bisschen Honig. Danach putze ich mir die Zähne, mache mein Bett, nehme meinen Rückensack und fahre mit meinem Fahrrad zur Schule.*<br>• барање и давање информации за активностите во слободното време<br>*Was machst du in deiner Freizeit? – Das hängt von dem Wetter ab. Scheint die Sonne, dann gehe ich mit Freunden in den Park spazieren. Eine Freundin hat einen Hund und sie nimmt ihn dann unbedingt mit. Oder rennen wir mit Miniatur-Autos im Freizeitpark. Regnet es, dann bleibe ich zu Hause und streame einen Film oder spiele ich am Laptop.*<br>• барање и давање информации во врска со лични желби и потреби<br>- *Ich habe Hunger. - Was möchtest du essen? Vielleicht eine Pizza Tonno? – Nein, Thunfisch mag ich nicht. Lieber eine Pizza Caprese mit Kirschtomaten.*<br>• давање предлози и договарање средби | • Користи говорни и пишани искази со новоусвоени зборови за да ги опише сопствените секојдневни активности.<br>• Учествува во дијалог преку поставување и одговарање на прашања, поврзани со лични желби или потреби кои се однесуваат на секојдневието.<br>• Опишува активности кои се практикуваат во различни годишни времиња.<br>• Составува усни и писмени искази за да се информира за цената на одредени производи за исхрана или облека.<br>• Иницира кус разговор во врска со секојдневните активности. |

| | |
|---|---|
| *-Möchtest du am Wochenende etwas zusammen tun? – Ich und Leonie sehen die neue Komödie im Kino an. Kommst du mit? – Sicher. Glaubst du, es gibt noch Karten?*<br>*Herr Müller, wir gehen nach der Arbeit essen. Möchten Sie mitkommen?*<br>• прашување за цена на храна и облека<br>*Wie viel kosten die Turnschuhe? – Sie kosten 79 Euro.*<br>*Wie viel kostet die blaue Bluse? – Sie kostet 45 Euro. – Und der gelbe Schal da? – Er kostet nur 9 Euro, Verkaufpreis.*<br>*- Was kosten die Karrotten? – Sie haben heute Sonderpreis, nur 3,50 Euro.*<br>*-Was kostet das Salami Sandwich? – 7 Euro.*<br>• барање и давање информации во врска со облеката која се носи во одредено годишно време<br>*- Was trägst du im Winter? – Im Winter gehe ich nie aus ohne meine Mütze und Handschuhe. Und eine Daunenjacke, natürlich. – Und im Sommer? - Dann trage ich am liebsten ein T-Shirt und kurze Hose. Dann fühle ich mich gemütlich.* | |
| б) Лексички единици:<br>• вообичаени активности на ученикот/ученичката и активности низ домот; хигиенски навики: *aufwachen, aufstehen, sich anziehen, zur Schule gehen, ausgehen, essen, lernen; einkaufen, saubermachen, kochen, aufräumen, Geschirr spülen, den Müll rausbringen; waschen, sich duschen, die Zähne putzen*<br>*Nach der Schule gehe ich nach Hause und dort wasche ich mir gleich die Hände mit Seife.*<br>*Ich putze mir die Zähne am Morgen und am Abend. Ich dusche mich am Abend, bevor ich ins Bett gehe. Ich gehe einkaufen und dann* | • Препознава нови зборови поврзани со темата во куси пишани и слушнати текстови.<br>• Разликува повеќе видови активности поврзани со непосредното опкружување: дом, училиште, другарување.<br>• Употребува новоусвоени зборови поврзани со сопствените вообичаени активности и хигиенски навики.<br>• Составува (усно и писмено) едноставни реченици користејќи новоусвоени зборови, поврзани со соодветните оброци за различните делови од денот.<br>• Препознава и применува правописни правила за да напише |

| | |
|---|---|
| *koche ich das Abendessen.*<br>*Kannst du dein Zimmer bitte aufräumen? Nach dem Essen du bringst den Müll raus und dein Bruder spült das Geschirr.*<br>• главни броеви од 100 до 1000; цена: *der Preis, das Sonderangebot, der Verkauf*<br>*-Entschuldigen Sie bitte, was kosten die Jeans? – Sie kosten 149 Euro. – Sie sind aber teuer! Ich warte auf den Verkauf.*<br>*-Wie viel kostet der Computer da? Er sieht cool aus! – Er kostet 869 Euro. Aber er ist ein Gaming-Computer und der Preis stimmt.*<br>• *облека: das T-Shirt, die Bluse, der Pulli, das Hemd, die Jacke, die Jeans, dieHose, der Rock, das Kleid, der Mantel, die Mütze, die Stiefel, die Handschuhe, der Schal*<br>*-Was trägst du für die Party am Freitag? - Mein Lieblingskleid. Und du? – Keine Idee. Vielleicht einen Rock und meine rote Bluse.*<br>• делови од денот и оброци: *der Morgen, der Vormittag, der Mittag, der Nachmittag, der Abend, das Frühstück, das Mittagessen, das Abendessen, in der Nacht*<br>*Zum Frühstück esse ich immer Schinkenbrot und trinke dann eine Tasse Tee. Ein Obstsalat ist immer mein Mittagessen, und zum Abendessen mag ich Pasta mit Tomatensauce essen.*<br>*Das Abendrot mag ich am liebsten. Die Farben im Himmel vor dem Abend sind wahnsinnig, mit oder ohne Wolken.*<br>• бои: *gelb, orange, rot, rosa, lila/violett, blau, grün, gelb, braun, grau, weiß, schwarz*<br>*Aus gelb und blau mache ich grün, schau mal hier, es ist leicht zu tun!*<br>*Blau und rot gibt violett, das findest du sicher nett!* | реченици кои означуваат делови од облека.<br>• Ги употребува називите за боите и ги користи за учество во кус разговор, поврзан со зборови кои се однесуваат на предмети и на делови од облека за различни хобија и спортови.<br>• Опишува изглед на животни, користејќи претходно усвоени и новонаучени зборови.<br>• Правилно ги изговара, пишува и употребува главните броеви од 100 до 1000.<br>• Преведува новоусвоени изрази, реченици и куси текстови поврзани со темата, од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| *Für orange brauchst du gelb und rot, zum Glück ist das nicht die Farbe von Brot!*<br>• животни: *der Hund, die Katze, der Papagei, das Kaninchen, der Vogel, die Schildkröte, das Pferd*<br>*Meine Haustiere sind Mimi die Katze und Bello der Hund. Mimi ist klein und grau und Bello ist groß und schwarz und weiß.*<br>*- Magst du Tiere? – Ja, natürlich. – Dann können wir am Wochenende in den Zoo gehen. Dort gibt es viele Tiere: Elefanten, Tiger, Löwen, Bären, Alpakas, sogar Pinguine!* | |
| в) Граматички структури:<br>• учтива заменска форма *Sie*<br>*Trinken Sie lieber Wasser oder Saft?*<br>*Was für Interesse für die Freizeit haben Sie? Tragen Sie lieber Jeans oder Hose?*<br>• прашални заменки *wer, was* во номинатив и во акузатив<br>*Wer sind Sie? Wen siehst du?*<br>*Was ist das? Was schreibst du?*<br>• прашални прилози за време и за место: *wann, wo*<br>*Wann kommst du an? Wann gehst du zur Schule? Wo ist der Freizeitpark? Wo sind meine Schuhe? Ich kann sie nicht finden.*<br>• прашален прилог + придавка за искажување количество и степен: *wie viel, wie oft*<br>*Wie viel kostet ein Kilo Tomaten? Wie viel Milch brauchst du für das Müsli? Wie viel Geld brauchst du für die Exkursion?*<br>*Wie viele Geschwister hast du? Wie viele Bücher liest du im Monat?*<br>*Wie oft gehst du ins Kino? Wie oft kommt sie zu Besuch?*<br>• прилошка определба за време, за место и за начин<br>*Montags und mittwochs haben wir Deutschunterricht*. | • Разликува формално и неформално обраќање и правилно ја применува формата за учтиво обраќање *Sie* во усна и во писмена форма.<br>• Ги разликува и правилно ги применува прашалните заменки *wer* и *was* во номинатив и во акузатив.<br>• Ги разликува прашалните прилози за време и за место *wann* и *wo* и правилно ги применува во прашални реченици.<br>• Го разбира прашалниот прилог *wie* во комбинација со придавката за искажување количество *viel* и придавката за искажување степен *oft* и правилно ги употребува како целини, за да постави соодветни прашални реченици.<br>• Разликува значење на прилошки определби за време, за место и за начин и правилно ги применува во контекст.<br>• Правилно ги изговара кратките и долгите самогласки и изговара цели реченици со правилна интонација, акцент и ритам.<br>• Преведува куси реченици од германски на мајчин јазик, користејќи зборови поврзани со секојдневните активности, храната и пијалаците и личните потреби и навики. |

| | |
|---|---|
| *Die Sporthalle ist im Gebäude rechts.*<br>*Ich bringe den Müll schnell raus, es riecht!*<br>• изговор, акцент и интонација<br>*Fährst* ***du*** *heute nach Berlin?*<br>*Fährst du heute nach* ***Berlin****?*<br>*Fährst du* ***heute*** *nach Berlin?*<br>• долги самогласки<br>*Sahne, Zahn, Käse, sagen, Bad, Dose, Obst,*<br>*Meer, geben, lesen, ziehen, Fuß, Buch*<br>• кратки самогласки<br>*Puppe, klettern, Stunde, Strand, backen,*<br>*Sand, Kind, Rock, Mütze* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Допишување со ученици на иста возраст од германско јазично подрачје на тема секојдневни активности на младите во земјите од каде што потекнуваат<br>• Изработка и презентација на постер во врска со традиционалната храна од земјата од каде што потекнуваат учениците компаративно со таа од земјите од германското јазично подрачје | • Ги опишува сличностите и разликите во секојдневните активности од животот на младите од ова поднебје и на нивните врсници од германското јазично подрачје.<br>• Ја споредува традиционалната храна во својата земја со традиционалната храна во земјите од германското јазично подрачје. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците пополнуваат прашален збор во прашална реченица со празнини.
- Учениците добиваат одговори на прашања, а тие треба да формираат прашање соодветно за дадениот одговор.
  *Antwort: Ich bin 12 Jahre alt. Frage: Wie alt bist du?*

*Antwort: Meine Mutter kommt um 9.30 Uhr an. Frage: Wann kommt deine Mutter an?*

- Учениците во крстозбор ги допишуваат предметите кои означуваат храна или пијалаци според дадена слика или цртеж.
- Пополнување табели со селектирани информации: Учениците во групи добиваат табела со лексика поврзана со секојдневните активности и ги поврзуваат со соодветните глаголи за наведените поими (*das Bett – machen; zur Schule – fahren; eine Tasse Tee – trinken).*
- *Was passt nicht?* (Најди го натрапникот): Наставникот/наставничката именува низа поими, од кои едниот не се вклопува во одредена категорија. Категоријата не им се нагласува претходно на учениците. Учениците треба да го именуваат несоодветниот термин. Оваа игра е особено корисна во темите храна, исхрана, купување месо, млечни производи, овошје и зеленчук.
- *Was ist das?* (Што е тоа?): Се формираат 2 групи. Наставникот/наставничката прави серија картички на одредени теми, на пример именки, броеви, глаголи, ситуација. Еден ученик/ученичка извлекува картичка и учениците од неговата група се обидуваат да го дознаат поимот поставувајќи конкретни прашања. Ако групата го погоди зборот, добива поен, во спротивно поенот оди кај другата група. Вежбата е наменета за повторување на вокабуларот и за слободно зборување.
- Учениците се поделени во 2 групи. Ученик/ученичка од првата група именува именка од последниот час, а ученик/ученичка од втората група треба да го додаде соодветниот член. Ако се наведе точниот член, поенот го добива втората група. Ако членот е погрешен, поенот оди кај првата група.
- Работа во парови: Учениците извлекуваат картичка со слика на животно и го опишуваат пред партнерот од парот користејќи усвоена и новонаучена лексика, а тој треба да погоди за кое животно се работи.
- Асоцијации: Се формираат 2 групи, при што учениците добиваат картички со термин од лексичката единица која се обработува и бројка, на пример *Obst* (6). Учениците извлекуваат картичка и треба да набројат 6 именки од дадената категорија заедно со соодветниот род на секоја именка (die Orange, der Apfel, die Banane, die Erdbeere, die Birne, die Zitrone). Групата добива поен ако сите поими се точно наведени, инаку другата група добива поен. Играта е можна и во целото одделение, без доделување поени.
- *Was fehlt?* (Што недостига?): Учениците се поделени во две групи. Пред нив има слики од различни делови облека. Учениците имаат задача во рок од околу 2 минути внимателно да ги разгледаат сите парчиња облека. По даденото време, еден ученик/ученичка ги покрива очите, а другите во групата отстрануваат една од сликите. Потоа ученикот/ученичката треба да каже кое парче облека недостасува и да го опише колку може попрецизно (боја, модел). Ако ученикот/ученичката погреши, другата група добива поен. Играта се повторува со секој ученик/ученичка од групата. Оваа вежба е за повторување на вокабуларот, како и на меморијата, и може тематски да се прилагоди.
- Rollenspiel—Im Supermarkt/Auf dem Markt: Учениците се поделени во групи од 3-4 ученика. Тие од рекламните материјали на разни

| | |
|---|---|
| | супермаркети сечат слики на производи со нивните цени и ги ставаат на клупите. Еден ученик/ученичка ја игра улогата на продавач, а другите ученици сакаат да купат одреден производ и прашуваат за цена употребувајќи ја учтивата заменска форма *Sie*, па го купуваат производот доколку сметаат дека цената им одговара. Потоа се менуваат улогите за секој ученик да игра улога и на продавач и на купувач. Вежбата е наменета за совладување на поврзаната лексика, како и за градење прашални реченици и искажување сопствен став околу цената на даден производ, а тематската лексика може да биде заменета со друга (на пример, облека). |

| | |
|---|---|
| **Тема 4 : ИНТЕРЕСИ, ЗАБАВНИ АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ**[4]<br><br>Вкупно часови: **25** | |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. опише активности поврзани со интереси, хоби, спорт, музика, користејќи ги усвоените зборови во куси реченици во писмен и устен формат;<br>2. даде, прифати и одбие покана за забавни активности преку употреба на потврдни, прашални и одречни реченици;<br>3. разбере информации, даде и побара информација во врска со временските услови во куси пишани или слушнати текстови;<br>4. ги опише временските услови, употребувајќи куси писмени или усни искази;<br>5. разликува сегашни и минати дејства и искаже писмено и усно сегашни и минати настани со куси реченици;<br>6. преведе писмено и усно куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со интереси, игри, хоби, забава и временски услови. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• опишување забавни активности застапени во слободното време -*Was machst du in deiner Freizeit? - Ich spiele gern Computer, surfe im Internet und lese Bücher. Und du? – Ich trainiere Basketball zweimal pro Woche und am Wochenende gehe ich wandern.* | • Прифаќа, одбива и дава покана за забавни активности.<br>• Бара и дава информации во врска со омилената музика, спорт и хоби.<br>• Искажува сегашни дејства со веќе познати и утврдени зборови во куси и едноставни реченици. |

[4] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која доминира во определена тема, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури во самата тема, без оглед на називот на темата во наставната програма.

| | |
|---|---|
| • давање и барање информација за омилената музика, спорт, хоби<br>*-Was für Musik hörst du gern? Magst du Fußball oder spielst du lieber Basketball?- Im Winter laufe ich Sku und im Sommer schwimme ich gern im Schwimmbad.*<br>• давање, прифаќање и одбивање покана за активности во слободното време<br>*-Wir gehen morgen Abend ins Theater. Kommst du mit? – Nein, ich habe leider keine Lust. Lieber gehe ich ins Kino.*<br>• искажување сегашни и минати дејства со куси и едноставни реченици<br>*- Heute hatte ich Spiegeleier zum Frühstück. Was hast du heute zum Frühstück gegessen? – Ich esse immer Haferflocken mit Jogurt und Obst zum Frühstück.* | • Разликува сегашни и минати дејства и издвојува клучни информации за минати дејства.<br>• Искажува минати дејства од секојдневниот живот преку употреба на партицип перфект и/или претеритум на глаголите *haben* и *sein.*<br>• Преведува писмено и усно куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со интереси, музика, спорт, игри и забава. |
| б) Лексички единици:<br>• забавни активности (хоби, спорт, музика, игра)<br>*Es ist warm heute und ich gehe in den Park. Wann warst du zum letzten Mal ins Theater? Was magst du besser: einen Film im Kino oder zu Hause ansehen?*<br>• календар, годишни времиња, месеци, денови во седмицата<br>*der Frühling, der Sommer, der Herbst, der Winter;*<br>*der Januar, der Februar, der März, der April, der Mai, der Juni, der Juli, der August, der Oktober, der November, der Dezember;*<br>*der Montag, der Dienstag, der Mittwoch, der Donnerstag, der Freitag, der Samstag, der Sonntag, das Wochenende.*<br>*Das Schuljahr beginnt in Deutschland, Österreich und in der Schweiz zwischen Mitte August und Mitte September und es ist im Juni oder* | • Употребува усвоени зборови за да опише забавни активности, користејќи куси искази во писмена и усна форма.<br>• Разбира кус пишан и/или слушнат текст во кој се користат зборови за опишување на временските услови и издвојува информации во врска со нив.<br>• Во усна или пишана форма составува едноставни потврдни, прашални или одречни реченици, користејќи усвоени зборови поврзани со годишните времиња и временските услови, слободното време, забавните активности и хоби.<br>• Препознава и применува правописни правила за да напише или искаже едноставни реченици кои содржат информации за ден, месец и датум, употребувајќи редни броеви.<br>• Пишува и искажува куси искази со едноставни граматички |

| | |
|---|---|
| *Juli zu Ende. In Österreich haben die Schüler 8 Wochen Sommerferien. In Deutschland und in der Schweiz sind es 6 Wochen. Am Sonntag wandern wir immer zusammen mit meinen Freunden.*<br>• опишување на временските услови: *wolkig, kühl, kalt, warm, heiß, neblig, windig, das Wetter, die Sonne, die Temperatur, der Schnee, der Regen, der Grad, regnen, schneien, scheinen, steigen, fallen*<br>*Das Wetter war gut. Im Sommer scheint die Sonne und es regnet nicht viel. Die Temperatur in Winter fällt unter Null. Gestern hat es geschneit. Wie war das Wetter letztes Wochenende?*<br>• главни и редни броеви за искажување датуми<br>*Heute ist der 7. März. Wir treffen uns am 1. April in Berlin. - Wann hast du Geburtstag? - Mein Geburtstag ist am 25. Juni* | структури во сегашно и минато време, употребувајќи лексика поврзана со годишните времиња и временските услови, времето, месецот и датумот. |
| в) Граматички структури:<br>• сегашно време на често употребувани слаби и јаки глаголи во еднина и множина во потврдни, прашални и заповедни реченици: *besuchen, frühstücken, aufhören, fernsehen, spielen, wandern, schlafen, stehen, aufstehen, waschen, geben, lesen, sehen, essen, gehen, schreiben, fliegen, schwimmen, sprechen, werfen, singen, trinken, fahren, lernen*<br>*Heute besuche ich meinen Freund. Am Freitag fahren wir am See, kommst du mit?*<br>*Hör auf zu singen, essen wir in Ruhe!*<br>• модални глаголи во еднина и множина во сегашно време: *müssen, dürfen, sollen, wollen, mögen/möchten, können*<br>*Ich darf nicht ins Kino mitkommen, sagen meine Eltern. Magst du Pizza? Ich muss Morgen um 6 Uhr für Tennistraining aufstehen. Sprich bitte lauter, ich kann dich nicht so gut hören.* | • Применува слаби (правилни) и јаки (неправилни) глаголи во сегашно време запазувајќи ја реченичната рамка во потврдни, прашални и заповедни реченици.<br>• Правилно ги менува и употребува модалните глаголи во сегашно време во сите лица во еднина и множина во потврдни, прашални и одречни реченици.<br>• Ги разликува формите на глаголите *haben* и *sein* за сегашно и за просто минато време (претеритум).<br>• Ги применува глаголите *haben* и *sein* во претеритум во еднина и множина во куси пишани или усни искази поврзани со секојдневни настани и забавни активности.<br>• Ги применува модалните глаголи *müssen*, *können* и *wollen* во претеритум во еднина и множина, градејќи куси пишани или усни искази поврзани со темата.<br>• Разликува сегашно, просто минато време (претеритум) и |

| | |
|---|---|
| • претеритум од глаголите *haben* и *sein* во еднина и множина и соодветна речeнична рамка, и претеритум од модалните глаголи *müssen*, *können* и *wollen* во еднина и множина и соодветна речeнична рамка<br>*Ich war im Park und hatte meine Kamera.*<br>*Hattest du deinen Reisepass nicht? Wir waren im Kino, der Film war sehr interessant.*<br>*Im Schwimmbad muss man eine Bademütze*<br>*tragen. Er wollte im Restaurant nicht bezahlen. Sie konnte nicht gut schwimmen und musste noch trainieren.*<br>• градење на партицип перфект со помошните глаголи *haben* и *sein* и речeнична рамка при употреба на партицип перфект<br>*Ich habe meine Hausaufgaben gemacht.*<br>*Ich habe den ganzen Tag Musik gehört.*<br>*Ich bin nach Italien geflogen.*<br>*Wann bist du im Urlaub gefahren?*<br>*Ich habe einen Brief geschrieben. Ich habe mein Zimmer aufgeräumt.*<br>• партицип перфект од често употребуваните слаби глаголи: *machen, hören, kaufen, fragen, sagen, lernen, suchen, telefonieren, arbeiten, besuchen, aufhören*<br>*Gestern hat er seinen Schlüssel überall gesucht. Meine Schwester hat einen Jogginganzug gekauft. Ich habe gefragt wie spät es ist?*<br>• партицип перфект од често употребуваните јаки глаголи: *fahren, schlafen, waschen, tragen, essen, sehen, fliegen, kommen, gehen, sprechen, finden, tun, trinken*<br>*Matteo ist nach Hause gegangen. Ich habe 2 Liter Cola getrunken. Meine Großeltern sind zu Besuch gekommen.* | сложено минато време (перфект).<br>• Разликува глаголи и групи на глаголи кои градат партицип перфект со помошниот глагол *haben*, односно *sein* и правилно гради речeнична рамка при употреба на партицип перфект за искажување минати дејства.<br>• Правилно гради партиципна форма од често употребуваните слаби и јаки, деливи, неделиви и мешовити глаголи.<br>• Правилно интонира потврдни, прашални и заповедни реченици.<br>• Правилно ги изговара кусите и долгите вокали кај партиципните форми и разликува интонирани и неинтонирани префикси кај деливите и неделивите глаголи.<br>• Разликува значење на прилози и определби за време и правилно ги применува во контекст.<br>• Преведува куси реченици поврзани со сегашни и минати настани од германски на мајчин јазик, користејќи зборови во врска со забавни активности, игри, интереси и хобија. |

| | |
|---|---|
| • партиципи перфект од често употребуваните деливи и неделиви (перфект без префиксот *ge-*) глаголи: *aufstehen, einschlafen, fernsehen, anrufen, anfangen, einsteigen, aufsteigen, umsteigen, ankommen; beschreiben, bekommen, vergessen, zerbrechen, frühstücken*<br>*Heute bin ich um 7 Uhr aufgestanden. Dann habe ich mit meinen Hausaufgaben angefangen. Später bin ich in den Bus eingestiegen und zur Schule angekommen.*<br>*Was hast du heute gefrühstückt? Wir haben einen neuen Mitschüler bekommen. Ich habe es vergessen!*<br>• партиципи перфект од често употребуваните мешовити глаголи: *denken, bringen, rennen, erkennen*<br>*Sie hat das Kind ins Bett gebracht. Am Freitag sind Michael und Elke stundenlang im Wald gerannt.*<br>• изговор и интонација во потврдни, прашални и заповедни реченици<br>*Ich komme mit. Kommst du mit? Komm bitte mit!*<br>• кратки и долги вокали кај партиципните форми: *gef**a**hren [gəˈfaːʁən], geschl**a**fen [gəˈʃlaːfn̩], gel**e**sen [gəˈleːzn̩], gek**o**mmen [gəˈkɔmən], geschr**i**eben [gəˈʃʁiːbn̩], ges**e**hen [gəˈzeːən]*<br>• неинтонирани префикси кај неделиви глаголи: *bezahlen, vergessen, entscheiden, erzählen*<br>• прилошки определби за време: *gestern, vorgestern, letztes Wochenende, früher, heute Morgen/Vormittag* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Како младите во нашата земја и во Германија го поминуваат слободното време<br>• Разликите во временските услови меѓу ова поднебје и Германија | • Го опишува слободното време на младите во нашата земја и во Германија;<br>• Со куси реченици ги опишува разликите помеѓу климатските услови во Германија и оние во локалното географско поднебје; |

| | |
|---|---|
| • Проект: Како го поминав мојот изминат викенд | • Прави усна презентација пред соучениците на изработен постер со фотографии од изминатиот викенд. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците играат во парови. Секој ја запишува својата дневна рутина со време. Поединечните реченици потоа се сечат. Партнерот повторно ја составува приказната по правилен редослед. Потоа пред одделението се читаат поединечните приказни.
- *Montagsmaler* (погодување преку цртање): Учениците работат во две групи. Тие добиваат купче картички од наставникот/наставничката на кои се напишани поими. Ученик/ученичка од групата 1 црта приказ од поимот на табла. Ако неговата/нејзината група го погоди зборот, добива поен, во спротивно поенот го добива групата 2. Оваа игра е наменета за повторување и утврдување на новостекнатиот вокабулар и може да се користи после секоја наставна единица, односно по секое тематско проширување на вокабуларот.
- *Würfelspiel* (игра со коцка): Учениците се поделени во помали групи и пред себе имаат 6 нумерирани картички со глаголи во инфинитив или фрази со глагол во инфинитив (на пр.: 1. *viel schlafen*, 2. *spazieren gehen,* 3. *zu Hause bleiben*, 4. *aufstehen*, 5. *nicht arbeiten*, 6. *lesen*). Коцката има двојна функција: првото фрлање е за да се добие лицето и бројот (една точка на коцката е прво лице еднина итн.), второто е за да се добие глаголот од картичките 1-6. Учениците градат реченици со модалните глаголи *müssen, können* и *wollen* во претеритум и глаголот од картичката во соодветното лице и број. (•• + ••• = *du + zu Hause bleiben: Du wolltest/konntest/musstest zu Hause bleiben).*
- Вежби со флеш картички: Учениците се поделени во групи. Тие добиваат флеш картички со слики за дадени активности и флеш картички со фраза која содржи го содржи глаголот, односно дејството од картичката вклучително неговата партиципна форма. Учениците треба правилно да ги спојат двете групи флеш картички и да изградат реченици во перфект. (*das Auto waschen/hat gewaschen: Der Junge hat das Auto gewaschen. einen Freund besuchen/hat besucht: Ich habe einen Freund besucht*.)
- Интервју за активности од претходниот ден: Учениците работат во парови при што од наставникот/наставничката добиваат неколку картички со инфинитивните форми на почесто користените слаби и јаки глаголи (*essen, gehen, sehen, tragen, treffen, hören, sprechen*...). Првиот ученик од парот влече картичка со глагол и му поставува прашање на соученикот/соученичката во врска со претходниот ден. Вториот ученик одговара со куса реченица, потоа влече картичка и му поставува прашање на првиот ученик од парот со глаголот забележан на картичката. Обата ученика ги запишуваат прашањата и одговорите на соученикот и добиваат и писмено интервју. По завршениот круг интервјуа, наставникот/наставничката ги менува картичките на секој пар со други картички на кои има различни глаголски форми во инфинитив.

(*essen) A:Was hast du gestern gegessen?* *B: Ich habe gestern Würste gegessen.*

*(gehen) A:Wohin bist du gestern gegangen?* *B: Gestern bin ich in der Schule gegangen.*

- Анегдоти: Учениците работат во парови и користат перфект, претеритум од глаголите *haben, sein, müssen, können* и *wollen* за да раскажат накусо забавна/комична случка од минатото. Откако обата ученика од парот ќе ја раскажат сопствената анегдота, ја раскажуваат/повторуваат и анегдотата на соученикот/соученичката во трето лице еднина.

  *A: Im Sommer bin ich am Meer gefahren. Ich war im Meer und wollte tief tauchen. Als ich aufgetaucht bin, waren meine Badehose nicht mehr da.*

  *B: (Schüler A) ist im Sommer am Meer gefahren. Er war im Meer und wollte tauchen. Nachdem er aufgetaucht ist, konnte er seine Badehose nicht finden.*
- Договор на термин/датум: Учениците се поделени во групи од 3-4 ученика. Секој ученик добива од наставникот/наставничката испечатен календар од соодветниот месец. Дел од деновите во секој календар се прецртани како „зафатени“. Учениците треба да се договорат за заеднички слободен датум за забава (постојат повеќе заеднички можни датуми).

  *A: Wann machen wir die Party? Ich habe am Samstag, der 23. März frei.*

  *B: Am 23. geht es nicht. Dann fahre ich mit meinen Eltern zum Wochenende. Könnt ihr am 25. März?*

  *C: Nein, der 25. März ist ein Schultag. Aber wie geht es am 30. März? Das ist auch Samstag, dann können wir am Sonntag lange ausschlafen.*
- Брзи датуми: Учениците работат во групи. Секоја група добива по две пликоа. Во првиот има картички со датуми кои се запишани нумерички, во вториот картички со датуми кои се запишани со зборови (*15. Mai/der fünfzehnte Mai*). Се назначува модератор на играта. Учениците добиваат по две картички од првиот куп, а модераторот го има вториот куп со датумите запишани со зборови. Модераторот влече картичка од неговиот куп и го чита датумот на глас. Ако ученикот/ученичката ја има картичката со прочитаниот датум, го повторува датумот на глас, ја трга искористената картичка на страна и влече нова од купот. Ако никој не се јави навреме, модераторот ја зема следната картичка и го чита датумот. Победник е ученикот/ученичката кој/која собрал/а најмногу картички. Важно е темпото на играта да биде брзо за играта да не стане премногу лесна.
- *Satztheater* (театар со реченици): Учениците се поделени во групи. Наставникот/наставничката на секој од учениците од дадена група му дава да држи лист хартија со еден составен дел од реченица напишана во перфект. Групата 1 застанува пред соучениците, но по измешан редослед во однос на деловите на реченицата што заеднички ја градат. Групата 2 го кажува правилниот редослед на зборовите, а потоа учениците од оваа група застануваат пред одделението, а група 3 го кажува правилниот редослед на зборовите во таа реченица. Групите се натпреваруваат кој побрзо ќе склопи правилна реченица, а наставникот/наставничката е во улога на модератор и го мери времето на секоја група. (ученик/ученичка 1 - *Kino*/ученик/ученичка 2 - *gestern*/ученик/ученичка 3 - *ich*/ученик/ученичка 4 -

*gegangen*/ученик/ученичка 5 - *bin*/ученик/ученичка 6 - *ins: Ich bin gestern ins Kino gegangen/Gestern bin ich ins Kino gegangen).*

- Пишување куси приказни: Учениците се делат во три групи. Секоја група добива по една тема, на пример *Tagesablauf/Am Wochenende/Meine Kindheit/Im Winter.* Учениците во групата пишуваат 10 реченици на дадената тема со цел да ги поврзат во куса приказна. Секоја група потоа ја чита својата приказна за дадената тема пред одделението.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот/наставничката обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти/ки, образовни медијатори/ки, тутори/ки волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот/наставничката еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот/наставничката користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во седмо одделение по предметот Германски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси слушнати и/или пишани искази и куси дијалози, куси едноставни песни;
- правилното пишување на зборови, реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- правилното пишување на реченици и куси, едноставни текстови на позната тематика;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2025/2026 година |
| **Институција/**<br><br>**носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Германски јазик* за VII одделение.** | бр. 12-12122/15<br>08.11.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br><br>**Doc. d-r Jeton Shaqiri, с.р**<br><br>______________________________ |